РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-136/2
31-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 99 - та седница одржана на ден 26.01.2024 година донесе

## О д л у к а

Постапката по предметот бр.09-4637/1 од 26.09.2023 година, оформен врз основа на пријава од познат подносител против службеното лице ------ ВД Директор во ООУ -----општина ---- СЕ ЗАПИРА.

ДКСК не ја потврди основаноста на наводите во пријавата, поради што нема елементи за понатамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставена е пријава од познат подносител заведена со број 09-4637/1 од 26.09.2023 година, со наводи дека во ООУ ---- Општина --, на работно место- наставник по македонски јазик, вработено е блиско лице (прва братучетка од чичко) на службеното лице ----, ВД Директор на училиштето.

Согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, ДКСК пристапи кон прибирање податоци и информации, по што достави барање до ВД Директорот на ООУ --- општина -----, а до Државниот просветен инспекторат доставено е барање за спроведување на вонреден инспекциски надзор.

ВД Директорот на училиштето, ------ на ден 14.11.2023 година достави одговор и ги потврди наводите дека лицето ------ е ангажирана со договор за работа на определено работно време, склучен на ден 12.09.2023 година, во времетраење од три месеци и тоа како замена на работното место на сегашниот ВД Директор.

Понатаму, во одговорот се појаснува дека истата е ангажирана врз основа на добиена согласност од Градоначалникот на Општина ---- за вработување на определено време, односно старо финансирање на итни и неодложни работи, како и обезбедени се податоци од Агенцијата за вработување, по што со работникот е склучен договор на ден 12.09.2023 година се до објавување и реализирање на оглас, за што е доставено барање до Министерство за образование и наука. Во прилог е доставен М1/М2 образец, согласност од Градоначалникот на Општина -----, одговор од Агенцијата за вработување, Договорот за вработување на определено време со ------.

Исто така, со цел да се проверат наводите од пријавата за неговата роднинска врска со ангажираното лице, ДКСК побара од ВД Директорот да се произнесе и да достави изјава согласно член 8 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во одговорот бр.0302-513/1 од 10.11.2023 година доставен до ДКСК, ВД Директорот ----- не се произнесе по овие наводи, а не достави одговор и откако беше доставена ургенција, која уредно е примена од негова страна.

По барањето на ДКСК за спроведување на вонреден инспекциски надзор, одговор достави Државниот просветен инспекторат кои известија дека е постапено и не се утврдени неправилности при инспекцискиот надзор, а на денот на надзорот врз основа на дадена согласност за вработување бр.12----/1 од ---- година од Министерство за образование и наука, училиштето има објавено јавен оглас бр.0401-----/1 од -------- година за пополнување на работни места.

Оттука, ДКСК врз основа на документацијата која беше обезбедена во постапката, не ги потврди наводите од пријавата кои се однесуваат на роднинската врска меѓу ВД Директорот на училиштето и ------. Имајќи предвид дека ова е релевантна околност врз основа на што може да се констатира повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а за истото не беше обезбеден соодветен доказ за потврдување на наводите од пријавата, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради што на 99 - та седница одлучи да се запре постапката по предметот.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК,
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: К.Н., член на ДКСК